Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден **07.12.2021 година** ги утврди следните заклучоци по правните прашања на четирите Апелациони судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип за хармонизација на судската пракса:

## З А К Л У Ч О К

**Обидот на кривичното дело „Тешка кражба“ од член 236 став 5 во врска со став 1 точка 1 од Кривичниот законик, е казнив, со оглед дека кривично дело „Тешка кражба“ е квалификуван облик на кривично дело „Кражба“, чии законски обележја од објективна и субјективна природа се содржани во член 235 став 1 од КЗ, за кое кривично дело обидот е казнив.**

**Оддел за казниви дела**